Заштита на правата на мигрантите кои поминуваат низ Македонија и Србија

# Месечен извештај за човекови права на мигрантите, бегалците и барателите на азил во Србија и Македонија – Октомври 2017

**Целта на овој Извештај е да ја претстави моменталната состојба во врска со заштитата на човековите права и слободи на мигрантите, бегалците и барателите на азил кои поминуваат или престојуваат во Србија и Македонија. Податоците во овој Извештај се добиени од 24 граѓански организации од Србија и Македонија, во рамките на мрежата „Помош на рутата“.**

## Состојбата во Србија

Во октомври беше регистрирано зголемување на бројот на семејства кои потекнуваат од Ирак (Курди и Јазиди), кои доаѓаат во Србија преку Турција и Бугарија и имаат намера да го продолжат своето патување. Исто така, забележано е зголемување на бројот на малолетници без придружба, а во Белград имало мигранти од центрите на југ – Прешево и Бујановац. Од 100 до 200 мигранти престојуваат во центарот на Белград, во Миксалиште и во паркот пред Економскиот факултет.



*Белград: Чекајќи да бидат регистрирани, мигрантите пренокуваат пред Миксалиште (Фотографија: CRPC)*

Откако дојде до прилив на поголем број на мигранти, започна проблемот со редици за регистрација во Одделот за странци. Малолетните деца без придружба и семејствата со деца имаат предност, така што возрасните мажи најчесто се примаат последни. Бидејќи не можат да ги користат услугите на Миксалиште преку ноќ, тие се принудени да спијат на отворено сè додека не се заврши постапката за регистрација и додека добијат белешка за упатување до центарот во кој се распределени. Бидејќи најголем дел немаат пари за превоз, се обраќаат за помош до организациите кои можат да им го обезбедат.

> Во Србија во октомври имало 4.258 бегалци и мигранти (податоци на УНХЦР од 22.10.2017 година), што е благо зголемување во споредба со претходниот месец. Повеќето од нив (88%) се сместени во 18 прифатно-транзитни центри и центри за азил, додека другите се во Белград или во областите во близина на границата со Хрватска и Унгарија.

Како и во претходниот период, повеќето мигранти немаат намера да останат подолго во Србија или да пристапат кон постапката за добивање на азил. Најголемиот број од нив избираат легално преминување на унгарската граница врз основа на листата на која можат да се пријават во центарот каде што престојуваат. Без оглед на тоа што постои можност да чекаат една или две години за да ја преминат границата, тие не се откажуваат и не губат надеж дека ќе стигнат до саканата дестинација.

Нов Закон за Азил е предложен во националниот парламент, но сè уште не е ставен на агендата за дебатата. Целта на донесувањето на новиот закон е подобрување на националниот систем за азил и усогласување на националното законодавство кое ја регулира областа на азил со директивите на ЕУ, намалување на просторот за

злоупотреба на правото на азил и создавање на услови за зголемување на ефикасноста на системот за азил во Република Србија.

„Не се осмелувам да му речам нешто на мојот сопруг, се обидов да кажам дека не е толку лошо тука. Не сме под бомби. Децата можат да одат на училиште. Имаме храна и покрив, облека, вода и пари. Нема бомби. Тој се разлути ... “ А.М., Авганистан

Кога станува збор за условите за сместување, иако многу објекти се реновирани и капацитети се проширени, во некои центри сè уште постојат случаи каде што број лица живеат во мали простории, приватноста не е целосно почитувана и различните националности се сместени заедно исти простории. Ова често резултира во конфликти меѓу мигрантите.

Неколку стотици мигранти сè уште живеат „надвор од системот“, најчесто престојуваат во неформални засолништа во близина на Шид и места во областа во близина на границата со Унгарија. Условите во кои живеат се нехигиенски и небезбедни, а нивното присуство предизвикува страв, вознемиреност и незадоволство на локалното население.

### Децата бегалци започнуваат со училишна настава

Ситуацијата во училиштата што ги посетуваат децата-мигранти е добра; децата се прифатени од локалните деца и од наставниот кадар. Организирањето на стручни состаноци и хоризонталното поврзување на училиштата веќе започна. Креирана е веб-страница за едукација на деца мигранти www.remis.rs која ќе овозможи полесно споделување на информации.

*„Се изненаден кога ми кажаа дека ќе можам да играм фудбал за време на часовите по физичко воспитување заедно со другите деца. Мислев дека треба само да седам, да молчам за да не ги исплашат другите и да не предизвикувам никакви проблеми Не би сакал некој да ме казни затоа што другите се плашат од мене. Мислев дека наставниците и другите ученици ќе се плашат од мене, бидејќи дојдов од Авганистан. Сега, кога знам дека не е така, јас навистина се радувам да почнам да одам во средно училиште.“ К.М. (17 години)*

*„Мило ми е што дојдоа и претпоставувам дека и тие се чувствуваат убаво. Не го зборуваме нивниот јазик и тие само малку зборуваат српски, но играњето заедно не бара од нас да зборуваме едни со други!“ С.Л., ученик од Врање*

Децата во пониските одделенија го владеат наставниот план, додека постарите деца се соочуваат со проблем на јазична бариера. Исто така, евидентирана е разлика во бројот на деца во училиштата на неделно ниво, а менторите се обидуваат да ги разберат причините – дали станува збор за напуштање на камповите или пак за реакција на наставниот процес. Училиштата продолжуваат да го истакнуваат фактот дека не постои единствен метод за забрзано учење на јазикот на наставата, кој претставува најголем проблем. Не е можно да се обезбедат дополнителни финансиски средства, така што наставата ќе се изведува или во текот на редовните часови или во работилниците. Од друга страна, училиштата се исклучително заинтересирани за сите видови обуки и стручни состаноци; тие, исто така, се среќаваат неформално и разменуваат идеи и решенија.

Децата сакаат дневна рутина, распоред на активности и обврски што ги имаат во врска со училиштето. Тие се во подобро расположение, поодговорни се и повеќе посветени едни кон други. Тие имаат проблеми со фактот што посетуваат настава на српски јазик и не можат да ја завршат домашната работа без помош на лица кои работат во прифатниот центар затоа што мора да пишуваат со кирилично писмо.

### Пристап до азил и присилни враќања

Како и во претходниот период, „затворените граници“ и недостатокот на безбеден премин ги изложуваат мигрантите на многубројни ризици. Присилните враќања од една земја во друга продолжуваат и постојат многубројни сведоштвата за таквата практика. Малолетник од Авганистан поминал година и половина во Бугарија и се обидел да ја премине границата и да дојде во Србија повеќе од 20 пати. Според неговото сведоштво, секојпат кога ќе успеел да дојде во Пирот или во негова близина, полицијата го фаќала, го носела до границата со Бугарија и го принудувала да се врати назад. По повторените обиди за премин, бугарската полиција веќе го познавала; тие го чекале на другата страна со полициски стапови, го претепувале, а потоа го

враќале во кампот во Бугарија каде што беше сместен. Според него, откако се обидел да премине заедно со група од 25 лица, бугарската полиција ги фатила во пограничната зона и ги одвела во полициската станица; му наредиле во фоајето да се завртат кон ѕидот и да ги стават рацете на него, а потоа почнале да ги тепаат.

Две момчиња од Авганистан на возраст од 14 и 16 години велат дека се обиделе да ја преминат границата со Хрватска, но полицијата ги фатила веднаш штом преминале и ги вратила назад. Потоа, скокнале во воз и успеале повторно да ја преминат границата. Успеале да стигнат незабележани до околината на Загреб, каде што го напуштиле возот и се тргнале пеш по напуштениот пат. Сепак, полицискиот автомобил наскоро ги пронашол и тие почнале да бегаат. Полицијата тргнала по нив и им се заканила дека ако не запрат, ќе бидат стрелани. Се исплашиле и застанале, а двајца полицајци им пристапиле и ги претепале. Потоа дошол полицискиот автомобил кој ги однел назад на границата. И покрај тоа што им кажале на полицајците дека сакаат азил во Хрватска, тие одговориле: „Вратете се во Србија, во камповите овде нема место и не сакаме луѓе од Авганистан“.

## Ситуацијата во Македонија

Во текот на октомври 2017 година, состојбата со бегалците во Македонија остана мирна и без значителни промени. Бројот на бегалци во двата транзитни кампови е мал и тие главно служат како транзитни центри за краткотраен престој. На пример, во кампот Винојуг, во текот на целиот месец бројот на бегалци кои престојуваат остана 3, со почести пристигнувања. Повеќето од нив веднаш беа префрлени во Грција. Во Табановце, бројот на бегалците се менуваше во текот на месецот, со максимален број од 25 бегалци во еден момент. Сепак, бегалците кои се сместени во транзитниот камп Табановце не поминуваат подолго време во кампот, но повеќето од нив го продолжуваат своето патување после само неколку дена.



*Прифатно-транзитеп камп Винојуг. Гевгелија (Фотографија: МХК)*

Бегалците кои се регистрирани за транзит низ земјата во текот на овој месец претежно доаѓаат од Пакистан.  Во помал број се среќаваат бегалци од Сирија, Иран, Авганистан и Алжир.

Општите услови во камповите се задоволителни и во рамките на стандардите за човекови права. На бегалците им се дава медицинска помош и интервенции кога е потребно. Дозволено им е да го напуштат кампот на прошетка во градот, со добиена дозвола и придружени од претставници на Црвениот крст или од персонал од институции.

Бројот на деца е прилично мал, само 6 малолетници без придружба кои живеат во кампот Табановце за краток временски период. Загрижувачки е тоа дека имало два случаи (еден во Винојуг и еден во Табановце), каде малолетниците без придружба чиј назначен старател е Министерството за труд и социјална политика, избегале од логорите и заминале во непознат правец. Со оглед на отсуството на деца од Винојуг (и малиот број бегалци таму), нема рекреативни активности. Сепак, во Табановце се организираат едукативно-рекреативни активности за бегалците кои престојуваат таму.

Иако безбедносните служби ги регистрираа сите бегалци (поединци и групи) во кампот Винојуг, кои биле пренесени назад во Грција, треба да се забележи дека се извршени систематски проверки на личните лични работи на сите и биле претресувани нивните мобилни телефони. Не постои логична, оправдана причина за систематски претрес на секој поединец, но ова мора да биде засновано на законски основи за извршување на детален претрес.

Еден човек од Иран, кој беше фатен патувајќи во помала група, ја раскажа својата приказна. Тој се преобратил од муслиман во христијан во својата земја, за што се соочил со сериозно прогонство од владата и од институциите. Бил принуден да ја напушти земјата за да избегне понатамошно гонење и да го напушти своето семејство.

Четири лица изразија интерес да поднесат барање за азил, но откако биле информирани за постапката, само еден од нив всушност ја започнал постапката. Брзо бил префрли во Центарот за азиланти во Визбегово, Скопје.

**Присилни враќања и нелегална депортација**

Интересно е да се забележи дека е евидентирана почеста појава на поголеми групи бегалци со кои се соочуваат полицајците на илегални патишта низ земјата, кои патуваат сами или со криумчари, главно во јужниот дел на земјата. На пример, во текот на месец октомври се регистрирани 8 случаи на поголеми групи кои полицијата ги доведе во транзитниот камп во Гевгелија, со 5 бегалци кои патуваат во најмалата група и 23 бегалци во најголемата група. Речиси секое лице од сите овие беше веднаш испратено назад во Грција, по кратко испрашување и пријавување од страна на безбедносните службеници. Тие добија медицинска и хуманитарна помош во кампот во Гевгелија пред да бидат вратени во Грција.

# ПРЕПОРАКИ

*За Србија:*

- Потребно е да се продолжат напорите за да се обезбеди почитување на правото на азил или пристап до постапката за добивање азил, како и за ефикасна постапка за азил и заштита на лица на кои им е потребна меѓународна заштита.
- Треба да се обезбеди соодветна заштита за оние бегалци и мигранти кои се надвор од системот, кои не се регистрирани и сместени, на начин што ќе им овозможи да ги остварат своите основни права.
- Спречување на криумчарење и трговијата со луѓе останува високо на листата на приоритети, со напори за спречување на малтретирање на бегалци и мигранти од страна на властите или цивилното население на бегалската рута.
- За ефикасно обезбедување на сеопфатна помош е потребна координација на активностите помеѓу граѓанските организации и службите за јавни услуги. Спроведувањето и ефектот на активностите се на највисоко ниво доколку се распределат помеѓу сите клучни чинители.
- Активностите за дисеминација, поврзување, учење и интеркултурна размена се од големо значење за да се надминат разликите помеѓу локалните и бегалските заедници. Во контекст на почетокот на учебната година, важно е информирањето и соработката со родителите на локалните деца и децата-бегалци, со цел тие подобро да се подготват и да се спречат недоразбирањата, предрасудите и стравовите.
- Основните човекови права и слободи на бегалците и мигрантите треба да бидат промовирани, набљудувани и заштитени во секое време од страна на сите институции и граѓани.
- Потребно е да се вложат напори за спречување на дискриминацијата на мигрантите и соодветно справување со случаи на докажана дискриминација, така што истите да не се повторуваат.
- Во прифатните центри и центрите за азил постои голема потреба од организација на слободното време и обезбедување на професионални, рекреативни и други активности за мигрантите.

*За Македонија:*

- Постои голема потреба од зголемен надзор над малолетниците без придружба во двата транзитни кампови. Тие се изложени на сериозен ризик и се во ранлива позиција и не смеат да бидат оставени без надзор.
- Треба да се прекине континуираната практиката на нелегална депортација и бегалците мора да се префрлаат од една во друга земја преку законска процедура во соработка со официјални лица од соседната земјата.
- Полицијата и безбедносните служби не смеат да извршуваат систематски претрес на лични предмети и мобилни телефони, но претресот мора да се заснова на законска и разумна основа за сомневање за криминални активности.

Оваа публикација е произведена со поддршката на Европската Унија, во рамките на проектот „ПОМОШ НА РУТАТА – Заштита на правата на мигрантите кои поминуваат низ Македонија и Србија“. Содржината од оваа публикација
се единствена одговорност на Фондацијата Ана и Владе Дивац, и во ниту еден случај не ги изразуваат
ставовите на Европската Унија.
Имплементација на проектот:

FOUNDATION ANA AND VLADE DIVAC · ASB Arbeiter-Samariter-Bund · HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA · NSHC NOVOSADSKI HUMANITARNI CENTAR